## **М. Ј. ЛЕРНЕР, Дидактичките основи на наставните методи, Москва 1981, 184.**

Авторот е еден од водечките современи советски дидактичари и методичари на наставата по историја, којшто од двете овие области објавил бројни и бележити трудови.[1]) Оваа книга ја прикажуваме на нашите читатели — наставници по историја, бидејќи нејзините поставки се применети во Лернеровите трудови од методиката на наставата по историја, посебно во книгата „Развитие мишленија учашчихсја в процесе обученија истории". Москва, 1982 (којашто ќе ја прикажеме во овој број на списаниево).

Лернер критички ги оценил концепциите и класификацијата на наставните методи дадени во сите досегашни трудови, како на граѓанската, така и на марксистички ориентираната педагогија и дидактика. Основната забелешка на авторот, на педагозите и дидактичарите се состои во тоа што тие не воделе сметка за битниот педагошки проблем, карактерот на наставно-сознајната дејност на ученикот. Во досегашната дидактичка литература класификацијата на методите се вршеше врз основа на номенклатура којашто нема единствена основа, и според тоа, по мислење на авторот, сите досегашни концепции и класификации на наставните методи се одликуваат со субјективност и произволност.

Авторот во оваа монографија се обидел со комплексни истражувања, со кои, од единствената педагошка позиција, водел сметка не само за целта и содржината на образованието, туку и за неговата психолошка, гносеолошка и процесуална страна. Наставата овде се посматра како заемна дејност на наставникот и на ученикот којашто е условена од: 1) целта на образованието којашто се огледа во обезбедувањето на младата генерација да го усвои (*социјалното искуство* збогатено со содржината на образованието и 2) можностите

---

1) Лернер досега ги објавил следните позначајни трудови од областа на дидактиката: Пути совершествованя методов обучения, Народно образование, Москва, 1969., Но. 6.; Критерий сложености познавателних задач, Новие иследования в педагогических науках, Москва, 1970, вип. 1; О построенйи логики дидактического иследования, Советска педагогика, Москва, 1970, Но. 4; Критерйи уровнеи познавательной самостоятельности учашчихся, Новие иследованиа в педагогических науках, Москва, 1971, вап. 4; Дидактические функции и граници применения проблемного обучения, в. кн. Формирование направлености личности школьников, Владимир, 1975; Функция теории в построенйи логики педагогических теории в построении логики педагогических иследования. в. кн. Выпроси повишения ефективности теоретических иследования науке, Москва, 1975, ч. II; Соотношение општедидактических и частнодидактических методов обучения, Новие иследования педагогических наук, Москва, 1978.

на ученикот во моментот на обуката. Затоа Лернер наставниот метод го посматра како начин за постигнување на целта на образованието со системот на доследно средените постапки со кои, со помош на одредени средства, се организира сознајната дејност на учениците. Социјалното искуство (поим аналоген на содржината на образованието) претставува систем на четири вида заемно поврзани (елементи) на содржината и тоа: 1. Знаења за природата, општеството, техниката, човекот и начините на делувњето; 2) Искуства за остварување на начинот на дејноста, т.е. реализирањето на знаењата за нив; 3. Искуства на творечката личност и 4) Емоцијално-чувствениот однос спрема светот и неговите објекти. Личноста на ученикот се формира во зависност од степенот на усвоеноста на сите четири наведени вида (елементи) од социјалното искуство. Тоа формирање на личноста тече постапно и е условено од законитостите на усвојувањето на соодветната содржина. Затоа при класификацијата на методите мораат да имаат во вид, како целта што треба да биде вградена во содржината на образованието и елементите или деловите на елементите на образованието, така и закономерноста на нивното усвојување. На тој начин наставните методи се изведуваат од објективните својства на содржините на образованието и начините на нивното усвојување.

Лернер ги наведува следните пет општодидактички наставни методи:

*1) Информативно-рецептивен објаснувачко-илустративен) метод,* со кој на ученикот му се предава готова информација (било тоа со објаснување или со илустрирани зборови, слики или работење); *2) Репродуктивен метод,* којшто се остварува со систем на вежбање за здобивање со нови знаења, навики и умеење за нивна примена според типските обрасци. Двата овие методи се, иако на пониско ниво, неопходни и најекономични за усвојување на готови знаења, умеења и навики. За разлика од првите два (репродуктивни) методи, наредните три се продуктивни, бидејќи со нивната примена знаењето творечки се усвојува и применува; 3) *Метод на проблемско излагање,* којшто се состои во формулирањето на проблемските задачи на наставникот со цел учениците творечки да го усвојат знаењето и да го применуваат во новите (нетипски) ситуации; 4) *Евристички метод,* чиј најчест облик е евристичкиот (развојниот) разговор на наставникот со учениците. Во тој разговор наставникот по пат на прашања укажува на проблемите, ги формулира противречностите, предизвикува полемчки ситуации и ја канализира дискусијата, а учениците самостојно ги бараат решенија на проблемите или делата на проблемите; 5) *Истражувачки метод,* како најмоќен во творечкото усвојување на знаењата од страна на учениците. Неговата суштина е одредена со следните функции: а) со него се формираат црти на творечката дејност на ученикот; б) се организира творечко усвојување на знаењата на

проблемските задачи поради нови решенија во нови ситуации; в) со него се владее со методите на научните знаења и г) се формира интересирање за творечката дејност. Облиците на задачите со примената на истражувачкиот метод можат да бидат мошне различни по тежина и можат да се движат од задачите коишто можат да се решат брзо на часот или дома, до задачи коишто содржат елементи на научно-истражувачка дејност (семинари, реферати, итн.).

Наставните методи се методи на сите четири елементи на социјалното искуство коишто сочинуваат меѓусебно складно поврзан систем на образование и воспитание, и на кои се формира сестрано развиената личност на ученикот. Во оваа Лернерова концепција на наставните методи, традиционални наставни методи (формулирани во дидактиката и методиката) се изразуваат како надворешни облици на наставата (раскажување, разговор, писмени работи) или како средства и извори на знаења (слики, шеми, карти, учебници, итн.).

Избор на конкретниот наставен метод се остварува во зависност од дидактичката задача, при што се зема предвид степенот на подготвеноста на ученикот и карактерот на материјалот којшто се обработува и усвојува. Со ваквата класификација на методите Лернер инсистира на творечко усвојување на знаења на сите степени на образование и воспитание на ученикот. Освен тоа, ваквата класификација на методите ја стимулира новата структура на дидактиката и методиката на поедини предмети, кои, и покрај својот напредок, сè уште се засноваат на традиционалната класификација на наставните методи, кои според Лернер, го стимулираат репродуктивното усвојување на знаењата. Ними самиот автор не смета дека со оваа своја студија ги решил сите суштински проблеми за наставните методи, но, без сомнение, тој ги поттикна дидактичарите и методичарите на понатамошни истражувања. Дека ваквиот начин е корисен авторот тоа го покажа во обработката на клучните прашања на методиката по наставата за историја, што ќе дадеме во приказов и еден од тие делови во овој ист број на списанието.[2])

[2]) И. Я. Лернер, Развитие мышления учащчивања в процесе обучения истории, Москва, 1982.

*(Превел од српскохрватски јазик Благој Стоичовски)*

Милутин ПЕРОВИЌ

**Ташко АРСОВ, Записки, (Редакција, коментари и поговор Христо Андонов Полјански). НИО „Студентски збор", Скопје 1983, 209.**

Неодамна НИО „Студентски збор" ѝ ги презентира на нашата јавност спомените на Ташко Арсов, познат учесник во македонското националноослободително движење. Иако не припаѓа на првата гарнитура македонски револуционери, неговите Записки прет-